АДВОКАТ ДАВОР ДИМИТРОВ КОЧАНИ
*ул. "Тодосие Паунов" бр.17 - 2300 Кочани*
тел.канц. 033 270 565 моб. 078 314 560 / 070 645 614
e-mail: davordimitrov@yahoo.com

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРОБИШТИП

| Примено: 29.09.2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
| 24 | 991/1 | | |

Архивски знак: 240
Рок на чување: 31.12.2021 год.
Потпис

**ДО:**
**ОПШТИНА ПРОБИШТИП - ПРОБИШТИП**

# БАРАЊЕ

За добивање на информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер

**ОД:** Адвокат Давор Димитров од Кочани, ул."Тодосие Паунов" бр.17

***Почитувани,***

***Согласно член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер,*** со ова Барање се обраќам до Вас, да ми доставите писмена информација од јавен карактер дали од страна на Општина Пробиштип или Јавното комунално претпријатие Никола Карев од Пробиштип е склучен Договор во 2021 година за реализација на програмата за други комунални услуги - третман на кучиња скитници и други нерегистрирани кучиња со одредена фирма овластена за заловување на кучиња скитници и други нерегистрирани кучиња, доколку е склучен таков договор со која фирма е склучен договорот, кога е склучен договорот и до кога е важноста на договорот.

Со почит.

***ДОСТАВЕНО: ПРЕПОРАЧАНО ПО ПОШТА НА ДЕН 27.09.2021 ГОДИНА!!!***

Кочани, 27.09.2021 година.

*Барател-Подносител,*
Адв.Давор Димитров

АДВОКАТ ДАВОР ДИМИТРОВ
Ул."Тодосие Паунов" бр.17 Кочани
Тел.033-270-565 ; 078-314-560
email: davordimitrov@yahoo.com

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 24-991/2
07.10 2021 год.
ПРОБИШТИП

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**Ул.„Јаким Стојковски" бр.1**
**Тел:032 483 131; факс: 032 483 047**
***www.probistip.gov.mk***

**До**
**Адвокат Давор Димитров**
**Ул. Тодосие Паунов бр.17**
**2300 Кочани**

**ПРЕДМЕТ: Одговор на барање**

**Во врска со вашето барање за слободен пристап до информации од јавен карактер со наш број 24-991/1 од 29.09.2021 година, со кое барате Општина Пробиштип да Ви достави писмена информација од јавен карактер за тоа, дали од страна на Општина Пробиштип или Јавното комунално претпријатие Никола Карев од Пробиштип е склучен Договор за 2021 година за реализација на програмата за други комунални услуги – третман на кучиња скитници и други нерегистрирани кучиња со одредена фирма овластена за заловување на кучиња скитници и други нерегистрирани кучиња, доколку е склучен таков договор со која фирма е склучен договорот, кога е склучен договорот и до кога е важноста на договорот ве известуваме за следното:**

- **Од страна на Општина Пробиштип и Јавното комунално претпријатие Никола Карев од Пробиштип не е склучен договор за реализација на програмата за други комунални услуги – третман на кучиња скитници и други нерегистрирани кучиња со одредена фирма овласетена за заловување на кучиња скитници и други нерегистрирани кучиња. Третманот на кучињата скитници и другите нерегистрирани кучиња е предвиден, во годишниот план на Општина Пробиштип, преку јавна набавка на услуга за заловување и стручен третман на бездомни и нерегистрирани кучиња на територијата на Општина Пробиштип, истото да се спроведе. За таа цел преку јавна набавка на ден 21.04.2021 година со објава на оглас број 06769/2021, преку набавка од мала вредност на услуга за заловување и стручен третман на бездомни и нерегистрирани кучиња на територија на Општина Пробиштип, како најповолен понудувач беше избрана фирмата Ветеринарна клиника ИНО-ВЕТ**

**од Куманово. Договорот е склучен со наш број 08-535/1 од 10.05.2021 година и нивен број 0302/215-01 од 17.05.2021 година. Рокот на извршување на услугата е сукцесивно во текот на целата година по склучување на договорот за јавна набавка.**

Изготвил: Анкица Ѓеновска

Одобрил : Јованка Данева

07.10.2021 година
Пробиптип

**Градоначалник на Општина Пробиштип**
**Драган Анастасов**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 24-991/3
07.10 2021 год.
ПРОБИШТИП

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( Сл.весник на Република Македонија бр.101/19 од 22.05.2019 година) Градоначалникот на Општина Пробиштип го изготви следното

# Р Е Ш Е Н И Е

за одобрено барање за пристап до информации од јавен карактер

На Адвокат Давор Димитров ул. Тодосие Паунов бр.17 од Кочани позитивно му се одобрува барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер заведено во Општина Пробиштип под број 24-991/1 од 29.09.2021 година .

Информацијата содржи известување за тоа дали од страна на Општина Пробиштип или Јавното комунално претпријатие Никола Карев од Пробиштип е склучен Договор за 2021 година за реализација на програмата за други комунални услуги – третман на кучиња скитници и други нерегистрирани кучиња со одредена фирма овласетена за заловување на кучиња скитници и други нерегистрирани кучиња, доколку е склучен таков договор со која фирма е склучен договорот, кога е склучен договорот и до кога е важноста на договорот.

**Правна поука:** Против решението на градоначалникот на Општина Пробиштип може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

Изготвил: Анкица Ѓеновска
Одобрил : Јованка Данева

07.10.2021 година
Пробиптип

Градоначалник на Општина Пробиштип
Драган Анастасов